Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-173/2

18-04-2023 година

Постапувајќи по Одлука бр. 08 - 173 од 14.2.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.4.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 173 од 14.2.2023 година заради претходно одлучување.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по добиена информација во наводите од предмет бр. 08-674 од 22.12.2022 година, на седница одржана на 8.2.2023 година, утврди дека постојат индиции за дискриминација врз жени осудени лица во Република Северна Македонија врз основа на пол, при издржување на казната затвор. Оттука, со Одлука бр. 08-173/1 од 14.2.2023 година, поведе постапка по службена должност за заштита од дискриминација.

Во меѓувреме Комисијата, постапувајќи по предметот бр. 08-674, донесе Мислење бр. 08-69/7 со кое се утврдува директна дискриминација врз осудените лица од женски пол во РСМ. Од причина што во цитираното мислење беа опфатени и наводите поради кои беше поведена постапката по службена должност, истата се затвора.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
18.4.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk